# СОЈУЗ НА ОРГАНИЗАЦИИ НА ЖЕНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Годишен извештај за 2004 година

СОЖМ е невладина, непартиска и непрофитабилна женска асоцијација, која дејствува веќе цела деценија. Формирана е во октомври 1994 година. СОЖМ вмрежува околу 70 независни организации на жени од Република Македонија. Во нив членуваат жени од сите возрасти, различни по социјално и образовно ниво, етничка и верска припадност. Тие имаат различни интереси на дејствување, но сите ја споделуваат мисијата на СОЖМ и работат на нејзиното исполнување.

Нашата визија е ЕДНАКВОСТ меѓу половите, загарантирани ЖЕНСКИ ПРАВА, елиминирање на дискриминацијата на жената во општеството и во семејството, РАЗВОЈ и МИР.

Нашата мисија е развој на граѓанскиот сектор со креирање нови односи во општеството со поддршка на локалните женски организации и жените како индивидуи.

## АКТИВНОСТИ

### I. Програма: ПОЛИТИЧКО ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИТЕ

**Југоисточна Европа - Регионален парламентарен клуб на жените.** Целите на проектот се:
- Подобрување на меѓународната соработка меѓу жените членки на Парламентот, без оглед на нивната партиска припадност;
- Подобра информираност на парламентарките, директна комуникација со граѓанското општество за поставување законски приоритети и добивање експертиза и искуство кога се поставуваат законите или кога се промовираат нови закони.

**Жените го можат тоа II – локални избори 2004.** Целите на проектот се:
- Воведување амандман во Законот за локални избори кој обезбедува 30% квота за да бидат обата пола поставени на изборните листи за советници и градоначалници;
- Зголемување на поддршката помеѓу политичките партии и јавноста за промовирање и развој на родовата еднаквост и политичкото јакнење на жените;
- Зголемување на бројот на избраните жени во советите на општините на престојните избори.

**Жените го можат тоа II - Евалуативна конференција.** Целта на проектот е:
- Разгледување на ефектите од реализација на проектот, претставување на заклучоците и препораките донесени на секој семинар како заедничка заложба за поддршка на жените кандидатки за советнички и градоначалнички.

**Промовирање на родовиот концепт на локално ниво.** Целта на проектот е:
- Зголемување на родовата рамноправност на локално ниво со поддржување на Националниот акциски план за родова рамноправност.

**Жените го можат тоа.** Целите на проектот се:
- Поттикнување и квалификување на жените за поголемо учество во политичкиот и јавниот живот, особено во ПП и во одлучувачките структури;
- Поддршка на жените во нивното самоорганизирање и вмрежување на локално ниво;
- Поттикнување на женскиот активизам и на желбите за промени.

**Жените Ромки го можат тоа.** Целите на проектот се:
- Поттикнување и поддршка на жените Ромки за поголемо учество во јавниот и политичкиот живот.

**За правична застапеност во локалната самоуправа.** Целта на проектот е:
- Промоција на концептот на родова еднаквост во локалната самоуправа и еднаквата застапеност на жените и на мажите во одлучувачките структури во општините, односно со спроведувањето на проектот да се направат одредени промени во општините, особено во руралните.

**Центар за политичка едукација.** Целта на проектот е:
- Подигање на свеста кај жените за политичката дискриминација врз жените, јакнење на самодовербата и мотивација за поголемо учество на жените во власта.

**II. Програма: ПОДДРШКА И ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИТЕ**

**Институционална поддршка на женски НВО.** Целта на проектот е:
- Развивање и примена на родовата еднаквост, поддршка и развој на локалните женски ЗГ.

**Организациско јакнење на членките на СОЖМ.** Целите на проектот се:
- Зајакнување на капацитетите на три регионални канцеларии;
- Јакнење на човечките капацитети во организациите членки на СОЖМ.

**Организациско јакнење.** Целта на проектот е:
- Поголема ефикасност и ефективност во работата на СОЖМ.

**III. Програма: МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР „ОТВОРЕН ПРОСТОР“**

**СОС-телефон и советувалиште за млади.** Целите на проектот се:
- Придонес кон јакнење на свеста на младата популација за нивната позиција во општеството и нивно интегрирање во заедницата врз основа на градење позитивни ставови и релации за себе и за другите.

**Едукација на малолетни мајки Ромки.** Целите на проектот се:
- Подигање на свеста на младите мајки Ромки за раното стапување во брак и осознавање на последиците од предвремено склучување малолетнички бракови.

**IV. Програма: БОРБА ПРОТИВ СЕКАКОВ ВИД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**Сексуално вознемирување.** Целите на проектот се:
- Давање јавност  на проблемот за сексуално вознемирување при вработувањето и на самото работно место.

**Поддршка на женските човекови права во Западен Балкан.** Целите на проектот се:
- Изработка на регионална студија за домашното насилство во западен Балкан, која ќе ја евалуира имплементацијата на постоечките норми на Конвенцијата ЦЕДАВ (CEDAW), Советот на Европа и Европската Унија поврзани со домашно насилство во државите што учествуваат тука, да се изготват препораки и да се развијат стратегии за подобрување на нивото на имплементација на овие норми, со цел борбата против домашното насилство да биде поефективна.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**на 31 декември 2004 година**
(во илјади денари )

| **АКТИВА** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|
| **Тековни средства** | **2.819** | **3.780** |
| Парични средства | 2.799 | 3.772 |
| Побарување од работење | 20 | 8 |
| Залихи | 0 | 0 |
| АВР | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.819** | **3.780** |
| **Нетековни средства** | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 1.348 | 913 |
| Непокриени расходи | 0 | 0 |
| **Вкупно нетековни средства** | **1.348** | **913** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **4.167** | **4.693** |
| | | |
| **ПАСИВА** | | |
| ОБВРСКИ И КАПИТАЛ | | |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **256** | **3.780** |
| Други краткорочни обврски | 256 | 298 |
| ПВР-пасив.врем.разграничувања | 0 | 3.482 |
| **Вкупно тековни обврски** | **256** | **3.780** |
| **ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА** | **3.911** | **913** |
| Деловен фонд | 1.348 | 913 |
| Фонд за заедничка потрошувачка | 2.563 | 0 |
| **Вкупно извори на средства** | **3.911** | **913** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА** | **4.167** | **4.693** |

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
**за годината што завршува на 31 декември 2004**

| (во илјади денари) | **2004** | **2003** |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **16.034** | **14.871** |
| **Вкупно расходи** | **13.471** | **11.389** |
| **Разлики меѓу приходи и расходи** | **2.563** | **3.482** |
| **Други приходи** | 0 | 498 |
| **Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година** | 9 | 2563 |
| **Вишок на приходи за наредната година** | **2.563** | **3.482** |
| Даноци и придонеси од добивката | 0 | 0 |
| **Вкупно вишок за приходи за наредна година** | **2.563** | **3.482** |

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До**
**Претседателството на СОЖМ Скопје**

Ние извршивме ревизија на Билансот на состојба на Здружение на граѓани- Сојуз на организации на жените на Република Македонија во понатамошниот текст СОЖМ, како и на соодветните Биланс на приходи и расходи, Изваштај за промените во капиталот и Извештај за паричните текови за годината што завршува на 31 Декември 2004 година, кои се објавени на страниците од 3 до 13.Овие финансиски извештаи се одговорност на Претседателството на СОЖМ.Наша одговорност е да дадеме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија.

Напоменуваме дека ревизорите не беа присутни на пописот за 2004 година.

Ревизијата ја извршивме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија.Тие стандарди бараат ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат погрешни објавувања од материјално значење.Ревизијата вклучува проверка по пат на тестирање на износите и објавувањата во финансиските извештаи.Исто така, ревизијата вклучува оценка на применетите сметководствени принципи и вреднување на значајните проценки направени од страна на Претседателството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.Ние веруваме дека ревизијата што ја извршивме обезбедува разумна основа за нашето мислење.

Наше мислење е дека приложените Биланси ја прикажуваат реално во сите материјални аспекти, финансиската состојба на на ден 31 Декември 2004 година, резултатите од работењето, промените во капиталот и готовинските текови за годината што завршува на ден 31 Декември 2004 година, во согласност со одредбите на Законот за сметководство и општоприфатените сметководствени принципи за објавување на финансиските извештаи.

Скопје,06.05.2005 година

За и во име на МСР - Ревизија

*Скопје, Мај,2005*